# ПРЕПОРАКИ ОД НАЛАС - ЈИЕ реагира на глобалната криза

*(ЗАКЛУЧОЦИ од панел дискусијата на тема "Фискалната децентрализација во Југоисточна Европа во контекст на глобалната финансиска криза" одржана во рамките на IV СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА НАЛАС, на 23-24 ноември 2008 во Тирана)*

Членовите на НАЛАС, извршните директори на заедниците на локалната самоуправа, истакнати експерти од областа на микроекономијата и градоначалници од Југоисточна Европа, дискутираа за можните последици од глобалната економска криза за локалната самоуправа во Југоисточна Европа. На почетокот беше оценето дека прелевањето на ефектите од глобалната криза сеуште не се чувствуваат силно од страна на локалните самоуправи во Југоисточна Европа. Додека земјите со поразвиени економии веќе се во рецесија (невработеност, реализирање на заложно право, банкротирање на корпорациите, и пад на цените се забележува насекаде), другите економии може исто така да бидат повлечени преку намалување на директните странски инвестиции, ликвидација на локалните средства, ослабен нето извоз, намалени дознаки, девизен курс, намалување на вредноста на имотот итн. Ретко која земја ќе може да избегне одредени економски и општествени последици.

Локалните самоуправи во југоисточна Европа треба да бидат подготвени за да се соочат со ризиците, но исто така да можат да ги искористат можностите кои може да се појават. Централната влада ќе мора да се потпира на локалните власти да носат брзи одлуки за да се зачува економијата во тешки услови. Оттаму, централната влада и локалните власти треба да го интензивираат дијалогот и соработката. Локалните власти треба да укажат на најпотребните проекти за капитални инвестиции, за кои централната влада може да одлучи да ги финансира, како една од мерките за ублажување на последиците од економската криза.

Од дискусијата произлегоа следниве препораки:

### Порака за централните влади во Југоисточна Европа:

Во новите околности на глобалната економска криза, **НАЛАС ги поттикнува централните влади во Југоисточна Европа да:**

1. **Го интензивираат дијалогот со локалните влади преку нивните заедници**. Протокот на информации помеѓу централната и локалната влада за целосната насоченост на економијата, и индикаторите за рано предупредување треба да се воспостават и подобрат. Оттаму ќе произлезе следново:
   - На локалните влади ќе им се овозможи да планираат на поефективен начин и попрецизно да ги утврдат приоритетите,
   - Навремено да ги идентификуваат проблемите кои ќе произлезат во одредени територии или индустрии,
   - Интензивирање на дијалогот, со што ќе овозможи заедничко програмирање за надоместот на било кои трошоци во врска со непожелните ефекти од бизнисите.

Имено, централните влади треба да ги зголемат јавните инвестиции како начин за поттикнување на стопанската дејност. Во тој аспект, тие треба тесно да соработуваат со локалните влади во врска со наменските средства, за да се осигураат дека локалните власти имаат добро подготвени инвестиции кои одговараат на побарувачката.

2. **Поддршка за локалните влади да ги користат расположливите програми и средства на ЕУ**, како структурните фондови за земјите членки на ЕУ, така и ИПА фондовите за земјите кандидати. На локалните влади треба да им се стават на располагање дополнителни средства за заедничко финансирање на ИПА проектите, и за надминување на било каков финансиски јаз во текот на спроведувањето на проектите за да се одржи ликвидноста.
3. Да бидат отворени за и да поттикнуваат **нови, иновативни и дури и неформални форми на дијалог во време на криза**.
4. На крајот, во случаите каде **старите општински долгови** сеуште го попречуваат целиот сектор и економијата во целина, ова е вистинскиот момент да им се **помогне на локалните влади да ги расчистат книговодствените книги**.

### Порака за локалните влади од Југоисточна Европа:

За да ги спречат и намалат последиците од глобалната економска криза во нивните заедници, **НАЛАС ги советува локалните влади од Југоисточна Европа**:

1. Да имаат пристап на претпазливост за буџетските проекции за 2009 и 2010 преку:
- Употреба на заштитни инфлатори за растот на БДП и стапката на инфлација;
- Да прават претпазливи проценки за даночните приходи;
- Да ги ревидираат должничките договори, и да ја пресметаат изложеноста на флуктуирањето на девизниот курс; и онаму каде што е можно да се намали таквата изложеност;
- Максимална употреба на средствата од грантовите;
- Идентификување на можни ризици во буџетот.
2. Ревидирање на должничките аранжмани, проценка на изложеноста на ризик, и обид за намалување секаде каде има можност за тоа.
3. Следење на големите фирми/работодавачи (вклучително и јавните претпријатија) кои може да се соочуваат со ризикот да ги отпуштат вработените или да планираат затворање, и вклученост во проактивни мерки за справување со било кои сериозни промени на локалниот пазар на трудот.
4. Да подготват каталог со инвестициски проекти кои може за кратко време да се имплементираат, и да послужат како поддршка на националната влада (Инвестициите за енергетска ефикасност може да бидат погодни краткорочни проекти).

5. Да се избегне отпуштање на вработените доколку тоа е можно. Да се задржат квалификуваните стручни лица. Може исто така да има нови можности за вработување на најквалификуван кадар, кој ќе биде на располагање на пазарот на трудот во текот на рецесијата.
6. Контакти со граѓаните за да се објасни што се очекува, што се прави и зошто тоа се прави. Уверување на граѓаните дека покрај лошите времиња, не се планира зголемување на даноците, но дека во име на праведноста и правичноста ќе се обезбеди дека секој го плаќа тоа што го должи.

### Пораки за заедниците на локалните самоуправи:

НАЛАС членките-заедници на локалните самоуправи се обврзуваат да:

1. Ги поддржуваат локалните самоуправи да бидат побрзи во однос на постапките, да ја намалуваат бирократијата, да создаваат поволна клима за инвеститорите.
2. Ги поддржуваат локалните самоуправи да ги намалуваат трошоците преку подобри тендерски постапки, подобрување на професионалните капацитети и следење на долговите.
3. Ги поддржуваат локалните самоуправи да ја зголемуваат ефикасноста на јавните општински расходи преку воведување на бенчмаркинг систем за локалните самоуправи.
4. Да продолжат да разменуваат добри практики за справувањето со кризата.

**На крајот,** учесниците во дискусијата расправаа и повторија дека централните влади во Југоисточна Европа треба да продолжат со **брзата и правилна децентрализација**, притоа давајќи **адекватна фискална автономија на локалните самоуправи**, поради што тие ќе бидат поспособни да го подобрат генерирањето на приходи и да ги подобрат услугите за граѓаните.

---

**Модератор на панел дискусијата:**

*Гинка ЧАВДАРОВА и Габор ПЕТЕРИ*

**Гости говорници беа:**

*Пол Бернд ШПАН, Хозе МЕНЦИНГЕР, Арбен МАЛАЈ, Митар МАТИЈАШЕВИЧ*

**Делегати на НАЛАС коиземаа учество во панел дискусијата:**

*Тарзан МИЛОШЕВИЌ, Мирко БРУЛЦ, Рефик РУГИЈА, Артур КУРТИ, Наим ИСМАИЛИ, Урос БРЕЗАН, Рами ЌЕРИМИ, Здравко КРШМАНОВИЌ, Пенка ПЕНКОВА, Александру АМБРОС, Андреј ВАЦАРЦИУС, Душан ЏОКОВИЧ, Живко МАРКОВИЧ, Гзим ХАЈДИНАГА, Сенер ЦЕЛИКАЈАР*

**Останати гости:**

*Г-дин Шрафедин ШЕХУ, заменик министер за финансии во Албанија.*